# „Кога некој од вас ќе види сон што му се допаѓа, нека знае дека е од Аллах, па нека Му заблагодари на Аллах и нека го раскаже. А ако види нешто што го вознемирува, тоа е од шејтанот, па нека побара прибежиште кај Аллах од неговото зло и нека не го спомнува никому, тогаш нема да му наштети.“

Од Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Кога некој од вас ќе види сон што му се допаѓа, нека знае дека е од Аллах, па нека Му заблагодари на Аллах и нека го раскаже. А ако види нешто што го вознемирува, тоа е од шејтанот, па нека побара прибежиште кај Аллах од неговото зло и нека не го спомнува никому, тогаш нема да му наштети.“
[صحيح] [رواه البخاري]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека добриот и радосниот сон е од Аллах и препорачал човекот да Му заблагодари и да го раскаже. А ако види нешто непријатно или вознемирувачко, тоа е од шејтанот, па нека побара прибежиште кај Аллах од неговото зло и нека не му го спомнува никому, бидејќи така нема да му наштети. Аллах одредил воздржувањето од раскажување на таквите соништа да биде причина за заштита од нивната штетност.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3285